Врз основа на член 18 став 1, алинеја 20 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14), и во согласност со член 85, а во врска со член 15 став 1 алинеја 16 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, Одлуката за објавување јавен конкурс за избор на директор на Агенцијата, бр.04-4426/1 од 05.09.2014 година, Одлуката за објавување јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата, бр.04-4427/1 од 05.09.2014 година и Заклучокот бр.02-4394/4 од 05.09.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 8-та седница одржана на 05.09.2014 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се формира Комисија за евалуација на доставените пријави на кандидатите по објавените јавни конкурси за избор на директор и заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во состав:
   - Лазар Трајчев, член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - Претседател на Комисијата;
   - Селвер Ајдини, член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - член на Комисијата и
   - Асс. м-р Методија Јанчески, член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - член на Комисијата.

2. Се задолжува Комисијата од точка 1 од оваа Одлука, да изврши евалуација и административна селекција на поднесените пријави на кандидатите по објавените јавни конкурси за избор на директор и заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и до Советот на Агенцијата да достави Извештај со предлог за избор.

3. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Раководителот на стручната служба;
- членовите на Комисијата;
- Секторот за правни работи;
- Сектор за економско-финансиски работи;
- Секретаријатот на Агенцијата - архивата.

**Бр.** 04-4431/1
05.09.**2014 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот на Агенцијата,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**